**20261822804**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ – СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОГРАМСКАТА РАМКА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ РАСХОДИ, ОТЧЕТНОСТА И ДАНОЧНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за Програмската рамка за подобрување на јавните расходи, отчетноста и даночната администрација во Северна Македонија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јули 2026 година.

Бр. 08-4990/1
29 јули 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Силјановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ – СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОГРАМСКАТА РАМКА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ РАСХОДИ, ОТЧЕТНОСТА И ДАНОЧНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Република Северна Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка со заем во износ од 25.000.000 евра, наменет за спроведување на реформи опфатени со Програмската рамка за подобрување на јавните расходи, отчетноста и даночната администрација во Северна Македонија.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем за Програмската рамка за подобрување на јавните расходи, отчетноста и даночната администрација во Северна Македонија, кој ќе се склучи меѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

Во име на Република Северна Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 12 години, со вклучен грејс-период од три години.

Каматната стапка е шестмесечен ЕУРИБОР со варијабилен распон.

По потпишувањето на Договорот за заем од членот 2 став 1 од овој закон, Република Северна Македонија ќе ѝ плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка еднократна провизија во износ од 0,25% од износот на заемот.

Република Северна Македонија ќе ѝ плаќа на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка провизија во висина од 0,25% од неповлечениот дел од заемот на годишно ниво. Оваа провизија ќе се пресметува од датумот на потпишување на Договорот за заем или од датумот на четвртата годишнина од датумот на одобрување на заемот од страна на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, зависно од тоа кој датум е подоцна, до датумот на кој средствата се повлекуваат од сметката за заем или се откажуваат.

Заемот од членот 1 од овој закон ќе се отплаќа на 18 полугодишни рати, од кои 17 полугодишни рати секоја во износ од 5,56% од износот на заемот, додека последната, 18 рата, во износ од 5,48% од износот на заемот. Заемот од членот 1 од овој закон ќе се отплаќа на 15 јануари и на 15 јули секоја година.

Член 4

Дел од средствата од заемот од членот 1 од овој закон во износ од 23.000.000 евра ќе бидат обезбедени преку инструментот на Светска банка „Програма за резултати“ и истите ќе бидат префрлени во Буџетот на Република Северна Македонија врз основа на претходно исполнети индикатори од страна на Министерството за финансии, Министерството за финансии - Управата за јавни приходи и Министерството за дигитална трансформација.

Останатиот дел од заемот од членот 1 од овој закон во износ од 2.000.000 евра ќе бидат обезбедени од инструментот на Светска банка „Финансирање на инвестициски проекти“ и истите ќе бидат наменети за финансирање на техничката поддршка за спроведување на Програмската рамка за подобрување на јавните расходи, отчетноста и даночната администрација во Северна Македонија.

Член 5

Реформите опфатени со Програмската рамка за подобрување на јавните расходи, отчетноста и даночната администрација во Северна Македонија ќе ги спроведуваат Министерството за финансии, Министерството за финансии - Управата за јавни приходи и Министерството за дигитална трансформација.

Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија ќе биде Агент за верификација на исполнетоста на индикаторите за реализација на инструментот на Светска банка „Програма за резултати“, а ќе спроведува и ревизија на Програмската рамка за подобрување на јавните расходи, отчетноста и даночната администрација во Северна Македонија.

Член 6

Република Северна Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.